Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет ***социологија за IV (четврта) година гимназиско образование за учебната 2020/2021 година.***

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# СОЦИОЛОГИЈА

Септември 2020 година

IV година

ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет ***социологија за IV (четврта) година гимназиско образование*** се базира на целите предвидени со наставната програма за наставниот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 145 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 3 час неделно, односно вкупно 87 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од конкретните цели и дидактичките насоки во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми и наставни единици

### 1. Современи макро-општествени процеси (7 часа)

| |
|---|
| Современото општество во историскиот континиум |
| Постисторија и крајот на историјата |
| Нациите и националните држави денес |
| Современото македонско општество: состојби и перспективи на развој |

### 2. Современото општество, личноста и идентитетот (12 часа)

| |
|---|
| Општеството и индивидуалната свест |
| Социјално дејствување |
| Индивидуализирано општество |
| Интегрирање и репродукција на индивидуализираното општество |
| Заедништво и содружништво |
| Групниот идентитет и групната припадност во современите општества |
| Мултикултурно општество |

### 3. **Граѓанственост и граѓански права и одговорности (11 часа)**

| |
|---|
| Човекот како граѓанин |

| |
|---|
| Потекло и развој на идејата за човекови права |
| Демократијата и човековите права |
| Меѓународна димензија на човековите права |
| Човековите права како практика |
| Човековите права во Република Северна Македонија |

**4. Политика на човековите права (11 часа)**

| |
|---|
| Демократизацијата во Република Северна Македонија |
| Избори и изборно однесување |
| Владеење на мнозинството и заштита на малцинството |
| Поделба на власта |
| Владеење на правото и правната држава |
| Јавност и јавно мислење. Јавен и приватен живот |

**5. Идеологијата во современите општества (9 часа)**

| |
|---|
| Идеологијата како форма на општествена свест |
| Либерализам  и неолиберализам |
| Социјализам и социјалдемократија |
| Конзерватизам и комунитаризам |
| Фундаментализам |

| |
|---|
| Екуменизам |

6. **Општествените конфликти денес (5 часа)**

| |
|---|
| Социјален конфликт |
| Внатреопштествени конфликти и меѓуопштествени конфликти |
| Насилство и ненасилство, тероризам и антитероризам |

7. **Колективно дејствување и социјални движења (9 часа)**

| |
|---|
| Поим и видови колективно дејствување |
| Нови социјални движења: Поим и видови |
| Женските движења и феминизмот |
| Еколошки движења |
| Мировни движења |

8. **Современо европско општество (9 часа)**

| |
|---|
| Социолошки поим за современото европско сеопштество |
| Реконструкција, помирување и интерација на европските земји по втората светска војна |
| Формирање на европската заедница.Социјални, економски и политички основи |
| Формирање на европската заедница.Социјални, економски и политички основи |
| Институции на ЕУ |

### 9. Социологијата и промените во современото општество (3 часа)

| |
|---|
| Општествените промени и современото општество |
| Промените, државата и социологијата |

### 10. Современи определби на социологијата (9 часа)

| |
|---|
| Социолошката теорија на Ентони Гиденс |
| Социолошката теорија на Пјер Бурдије |
| Социолошката теорија на Зигмунд Бауман |
| Социолошката теорија на Јирген хабермас |
| Современата социологија во Македонија |

## 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет ***социологија за IV (четврта) година гимназиско образование*** е редовната наставна програма, општите цели и конкретните цели од неа, соодветни на развојните карактеристики на учениците во гимназиското образование.

Наставниците по социологија своите планирања и подготовки за наставата треба да ги развиваат врз основа на целите по наставни теми и содржини кои се дадени во скратената наставна програма со соодветен избор на методи и активности во наставниот процес. Планирањето опфаќа задачи кои треба да се извршат во одредено време за остварување на поставените цели од редовната наставна програма, но и начините за контрола и проценка на постигнатите резултати. За реализација на целите (стекнување на знаења за одредени социолопки теми, развивање на интектуалните,

интерактивните и индивидуалните способности, тимската работа, градење и барање на сопствени ставови) задолжителна е употреба на современи интерактивни активности, методи и техники. Тоа овозможува стекнување знаења, развивање на критичкото мислење и креативноста кај учениците.

Скратената наставната програма по социологија може успешно да се реализира во наставата со примена на методи и активности за поттикнување на продлабочено учење со разбирање и расудување, кооперативност, работа во групи, како и со самостојно истражување и откривање на знаењето. Вреднувањето на учениците во напредокот на стекнувањето знаења, вештините, ставовите, потребно е да е планирано, постојано врз основа на принципите на формативното и сумативното оценување.

**4.Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет ***социологија за IV (четврта) година гимназиско образование*** ја утврди

Рег.бр. 12-8424/79
16-09-2020 г.

Министер за образование и наука
Мила Царовска